СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Среда, 24 јануари 1996
Скопје
Број 4 Год. LII

Аконтацијата за 1996 година изнесува 6.000 денари. Овој број чини 300 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

42.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Се прогласува Законот за просторно и урбанистичко планирање,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 17 јануари 1996 година.

Број 08-185/1
17 јануари 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

ЗАКОН
ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува планирањето на просторот, видовите и содржината на плановите, изработувањето и постапката за донесувањето на плановите, доделувањето на градежно земјиште, утврдувањето на услови за градба и надзор над спроведувањето на Законот.

Член 2

Просторното и урбанистичкото планирање е континуиран процес кој се обезбедува со изработување, донесување и спроведување на просторни и урбанистички планови кои меѓусебно се усогласуваат.

Донесувањето на Просторен план на Републиката и урбанистички планови е задолжително.

Член 3

Изработувањето и донесувањето на просторните и урбанистичките планови се работи од јавен интерес.

Член 4

Со просторното и урбанистичкото планирање се обезбедува порамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот, услови за хумано живеење и работа на граѓаните.

Со просторното и урбанистичкото планирање се предвидуваат мерки за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки непогоди.

Член 5

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

– просторен план, е план за уредување и користење на земјиштето на пошироко подрачје, како што е: подрачје на општина и градот Скопје; регион, национален парк или територијата на државата;

– урбанистички план, е план за уредување и користење на земјиштето на потесно подрачје, како што е: град, населба, село или друго подрачје предвидено за градба;

– намена на земјиште, е планска определба за целите за користење или изградба на земјиштето, со одреден вид на објекти;

– урбано подрачје, е земјиштето определено со граници во чии рамки е планирана изградба или уредување;

– инфраструктура, е плански приказ на постојните и планираните подземни и надземни инсталации и објекти од областа на: сообраќајот, електричните инсталации, гасоводи, нафтоводи, водовод и канализација, топлификација, телекомуникации и други инсталации;

– урбанистички санациони мерки, се плански мерки со кои во одредено подрачје се зголемува квалитетот на домувањето и живеењето на граѓаните;

– бариери, се вештачки градежни пречки во градовите и другите урбани простори, кои оневозможуваат непречено движење на инвалидизирани лица;

– инвеститор, е правно или физичко лице, кој врз основа на закон се стекнал со решение за услови за градба;

– градежна парцела, е земјиште предвидено за градба на објект и дворно место со содржини кои се во функција на објектот;

– регулациона линија, е линија на разграничување меѓу градежна парцела и јавна сообраќајна површина;

– градежна линија, е линија која ја определува границата до која може да се гради објектот;

– нивелманско решение, е вертикална претстава со технички податоци за положбата и наклонот на уличната мрежа и односот кон планираните објекти и теренот;

– мрежа на оски на сообраќајниците, е графички приказ со технички податоци за вертикална и хоризонтална положба на вкрсните точки и оските на сообраќајниците во однос на теренот;

– ажурирани геодетски подлоги, се геодетски карти во соодветен размер, со приказ на најнова постојна состојба на изграденост на објекти и инсталации на одредено подрачје и вертикална претстава на теренот со метод на изохипси и

– услови за градба, се услови кои го определуваат видот, големината, начинот на градба и други услови за изградба на објект.

Член 6

За спроведување на просторните и урбанистичките планови, се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка, доколку со овој закон не е поинаку уредено.

II. ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

а) Видови и содржина на планови

Член 7

Во зависност од просторот кој е предмет на планирање се донесуваат следните планови:

1. Просторни планови
– просторен план на Републиката;
2. Урбанистички планови
– генерален урбанистички план;
– детален урбанистички план;
– урбанистичка документација за населено место во општината и
– урбанистички план за граничен премин и за локалитет со објекти од јавен интерес.

Член 8

Просторниот план на Републиката е основа за уредување и користење на просторот на територијата на Република Македонија.

Просторниот план на Републиката содржи: основна намена на земјиштето, насоки за уредување и користење на просторот, просторна разместеност на објектите од стопанска и нестопанска дејност, мрежа на населените места, просторна разместеност на сообраќајна и друга инфраструктура, насоки и мерки за заштита и унапредување на животната средина и природата, мерки за заштита од воени разурнувања, природни и технолошки непогоди, одредби за спроведување на планот и соодветни графички прикази.

За спроведување на Просторниот план на Републиката може по потреба да се изработуваат: просторен план на регион, национален парк, подрачје на град Скопје и на општина.

Член 9

Со просторните планови од член 8 став 3 од овој закон, подетално се планира уредувањето и користењето на просторот на регионот, националниот парк, градот Скопје и општината.

Просторните планови од став 1 на овој член содржат: насоки за намена на земјиштето и користењето на просторот, просторна разместеност на населените места и објектите од стопанска и нестопанска дејност, сообраќајна и друга инфраструктура, плански мерки за заштита и унапредување на животната средина и природата, мерки за заштита од воени разурнувања, природни и технолошки непогоди, одредби за спроведување на просторниот план и соодветни графички прикази.

Член 10

Генерален урбанистички план се донесува за подрачје на населено место, стопански комплекс и за други подрачја предвидени за градба.

Генералниот урбанистички план содржи особено: намена на земјиштето и функционална организација на подрачјето опфатено со планот, со граници на опфатот на урбаното подрачје, решенија за генерални водови и објекти на сообраќајна и друга инфраструктура, основни услови за изградба на станбени, стопански, јавни, спортско-рекреативни и други објекти, градежни и регулациони линии и максимални висински коти, плански мерки за заштита и унапредување на животната средина и природата, природното и градителското наследство, урбани санациони мерки и мерки за заштита од воени разурнувања, природни и технолошки непогоди, одредби за спроведување на планот, биланси показатели и соодветни графички прикази.

Член 11

Детален урбанистички план се донесува за одделни делови на населените места и други подрачја за кои е донесен генерален урбанистички план.

Деталниот урбанистички план содржи особено: план на намена на просторот и објектите, план на градежни парцели и површина за изградба на објекти определени со регулациони и градежни линии, максимална висина на објектите и други поблиски услови за изградба, план на сообраќајна мрежа со нивелманско решение и мрежа на оски со геодетски податоци, решенија за секундарни водови и објекти на инфраструктура, услови за спречување на архитектонските бариери, урбани санациони мерки и плански мерки за заштита и унапредување на животната средина и природата, природното и градителското наследство, за заштита од воени разурнувања, природни и технолошки непогоди, одредби за спроведување на планот, биланси показатели и соодветни графички прикази.

Детален урбанистички план се изработува на ажурирани геодетски подлоги.

Член 12

Урбанистичка документација за населено место во општината, се донесува за населено место од селски карактер.

Урбанистичката документација од став 1 на овој член, содржи особено: намена на површините со граници на опфатот, основна сообраќајна мрежа и друга инфраструктура, услови и режим за градба и соодветни графички прикази.

б) Изработување и постапка за донесување на планови

Член 13

За изработување на плановите од член 7 од овој закон, Владата на Република Македонија донесува годишна програма.

Годишната програма од став 1 на овој член се финансира од Буџетот на Републиката.

Член 14

Урбанистичките планови за одделни подрачја од населено место, населби и нивни делови можат да се изработуваат и надвор од Програмата од член 13 став 1 на овој закон.

Изработката на плановите од став 1 на овој член ги финансираат општините и Град Скопје и заинтересираните правни и физички лица.

Член 15

За изработување на плановите од член 7 на овој закон, Владата на Република Македонија основа Јавно претпријатие.

Јавното претпријатие има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со закон.

Дејноста на Јавното претпријатие ги опфаќа следните работи:
– изработување на просторни планови;
– изработување на урбанистички планови;
– изработување на стручни анализи, студии и информации за состојбите во планирањето, мониторинг и контрола во спроведувањето на плановите;
– изработување на регулативи, нормативи и стандарди за планирање и
– изработување на услови за градба (изводи од просторен и урбанистички план), по барање на инвеститори и други заинтересирани правни и физички лица.

Владата на Република Македонија ќе донесе пропис со кој ќе се определи организацијата на Јавното претпријатие од став 1 на овој член.

Член 16

Изработување на урбанистички план, освен генерален урбанистички план, може да врши и организација, односно институција, овластена од Министерството надлежно за работите на урбанизмот.

Овластување од став 1 на овој член може да добие организацијата, односно институција која во редовен работен однос има најмалку 3 (три) овластени лица – со лиценца за изработка на просторни и урбанистички планови.

Носител на изработување на просторни и урбанистички планови може да биде дипломиран архитект кој

поседува лиценца за вршење на оваа дејност и кој е должен во тимот да вклучи стручни лица од различни области со најмалку VII1 степен на стручна подготовка.

За добивање на лиценца од став 3 на овој член се полага испит пред комисијата што ја определува министер надлежен за работите на урбанизмот.

Начинот и програмата за полагање на испит за добивање на лиценца, пропишува министер надлежен за работите на урбанизмот.

Член 17

Плановите од член 7 на овој закон се изработуваат како нацрт и предлог на план.

По нацртот на просторниот план на Републиката, просторните планови на регион, национален парк, Град Скопје и на општина, генералниот урбанистички план, како и за урбанистички план за граничен премин и за локалитет со објекти од јавен интерес, се организира стручна расправа, со учество на претставници на органите и организациите од подрачјето опфатено со планот.

По нацртот на деталниот урбанистички план и урбанистичка документација за населено место во општина, се спроведува јавна анкета.

Стручната расправа по нацртот на просторниот план на Републиката и просторниот план на регион и национален парк, ја организира Министерството надлежно за работите на урбанизмот.

Стручната расправа по просторниот план на општина и на Град Скопје и по генералниот урбанистички план, како и јавната анкета по деталниот урбанистички план и урбанистичка документација за населено место во општина, ги организира општината, односно Градот Скопје.

Член 18

Јавната анкета од член 17 став 3 на овој закон, се спроведува со излагање на планот на јавно место најмалку 15 дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот, доставуваат писмени забелешки, на анкетни листови, до организаторот на анкетата.

За времето и местото каде ќе биде изложен планот, задолжително се објавува соопштение во јавните гласила.

За стручната расправа и јавната анкета од член 17 ставови 2 и 3 на овој закон, Министерството надлежно за работите на урбанизмот, изготвува извештај со образложение за неприфатените забелешки, кој се доставува заедно со предлогот на планот на усвојување.

Член 19

На нацртот на плановите од член 7 на овој закон, пред организирањето на стручна расправа и јавна анкета, се врши стручна ревизија.

Стручната ревизија на просторните и урбанистичките планови ја врши стручно-научна институција или комисија што ги определува министерот надлежен за работите на урбанизмот.

Стручната комисија од став 2 на овој член се определува од претставници на органите на управата и истакнати научни и стручни работници.

Член 20

Измените и дополнувањата на плановите од член 7 на овој закон се вршат по иста постапка пропишана за нивно донесување, доколку со овој закон не е поинаку уредено.

Потребата за измена и дополнување на просторен и урбанистички план се утврдува со ревизија на планот. Ревизијата е задолжителна по изминат период од:

– 15 години за просторен план;
– 10 години за генерален урбанистички план и
– 5 години за другите урбанистички планови.

Урбанистичките планови кои не се ревидирани по истекот на роковите од став 2 на овој член, ќе се сметаат за недонесени.

Член 21

Органите, организациите и претпријатијата се должни на изработувачот да доставаат податоци и друга документација со која располагаат, заради изработка на плановите од член 7 на овој закон.

Член 22

Собранието на Република Македонија донесува Просторен план на Републиката.

Просторниот план на регион, национален парк, подрачје на Град Скопје и на општина, урбанистичките планови за граничните премини и за други локалитети со објекти од јавен интерес, ги донесува Владата на Република Македонија.

Општината донесува урбанистички планови од член 7 точка 2 алинеи 1, 2 и 3 на овој закон.

Градот Скопје донесува генерален урбанистички план на Град Скопје.

Општината од подрачјето на Град Скопје донесува детален урбанистички план и урбанистичка документација за населено место за подрачјето на општината.

Урбанистичките планови од ставовите 3, 4 и 5 на овој член, можат да се спроведуваат по издавање на согласност од Министерството надлежно за работите на урбанизмот.

Плановите за кои не е издадена согласност од став 6 на овој член, се сметаат дека не се донесени.

Член 23

Со согласноста од став 6 на член 22 од овој закон, се потврдува дека планот е донесен согласно со: одредбите на овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон и другите прописи.

Согласноста од став 1 на овој член, се издава во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето од страна на доносителот на планот, а доколку не се издаде во овој рок, ќе се смета дека истата е издадена.

Член 24

Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Советот на општина односно на Град Скопје, во случај на вонредна состојба (природни и други непогоди со поголем обем на материјална штета), може по скратена постапка да донесе измена и дополнување на плановите од член 7 на овој закон, во кој случај не се применуваат одредбите од член 17 на овој закон, односно плановите се изработуваат како предлог на план.

Член 25

Изградбата во населено место, кое нема урбанистичка документација за населено место во општина, може да се врши, до нејзино донесување, под услови и на начин што со општ акт ќе ги утврди општината. Општиот акт се донесува по претходна согласност на Министерството надлежно за работите на урбанизмот.

Член 26

Неизградено градежно земјиште, предвидено со урбанистички план за определена намена, може привремено, но не подолго од две години, да се користи до реализација на планот, под услови и начин определен со пропис.

Член 27

Министерот надлежен за работите на урбанизмот, ќе пропише:

– поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите (член 7);
– начин и програма за полагање на испит за добивање на лиценца (член 16);

– начин и постапка за донесување на плановите (членови 17 и 18);

– стандарди и нормативи за планирање (членови 10, 11 и 12);

– начин и постапка за урбани санациони мерки (член 11) и

– начин на користење на неизградено градежно земјиште (член 26).

III. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Член 28

Градежно и друго земјиште, предвидено за градба (во натамошниот текст: градежно земјиште), со кое управува Републиката, се доделува на користење на физички и правни лица заради изградба на објекти.

Со решение за доделување на градежно земјиште се утврдува инвеститор – корисник на градежно земјиште.

Доделувањето на градежно земјиште го врши Министерството надлежно за работите на урбанизмот.

Против решението од став 3 на овој член може да се изјави жалба до Владата на Република Македонија.

Член 29

Градежно земјиште се доделува со јавно наддавање и со непосредна спогодба.

Кога градежно земјиште се доделува со јавно наддавање, почетна цена на земјиштето претставува цената утврдена со Програмата за уредување на градежно земјиште, која не може да биде пониска од пазарната цена.

Кога градежното земјиште се доделува со непосредна спогодба, се плаќа надоместок. Надоместокот се утврдува со Програма за уредување на градежното земјиште.

Кога градежно земјиште што се доделува, не е опфатено со Програмата за уредување на градежното земјиште, висината на надоместокот претставува вредноста на потребни вложувања за негово уредување согласно со закон.

Средствата што се остваруваат од доделеното градежно земјиште се приход на општината, односно Градот Скопје, а се користат за надоместување на трошоците за уредување на градежното земјиште.

Член 30

Поблиските услови, начинот и постапката за доделување на градежното земјиште, ги пропишува Владата на Република Македонија.

Правата и обврските меѓу Републиката и инвеститорот – корисникот на градежното земјиште, се уредуваат со договор.

IV. УСЛОВИ ЗА ГРАДБА

Член 31

За изградба, доградба, надградба и реконструкција на објекти, на инвеститорот му се издава решение за услови за градба.

Решение за условите за градба содржат општи и урбанистичко-архитектонски услови кои се утврдени во плановите од член 7 на овој закон, односно актите од членовите 25 и 34 на овој закон и графичкиот прилог кој претставува извод од плановите за објектот што ќе се гради и земјиштето потребно за неговата употреба, како и условите од посебните прописи од областа на одбраната, сообраќајот и врските, виталните системи за снабдување (вода, струја, гас и канализација), заштитата од земјотреси, пожари, технолошки хаварии, заштита на животната средина, земјоделското земјиште и заштита на добрата од општ интерес.

Решението за услови за градба од став 1 на овој член, содржи и услови утврдени со дополнителни норми и правилници од областа на архитектурата, утврдени со закон.

Член 32

За добивање решение за услови за градба на стопански, деловни и јавни комплекси, условите за градба можат да се утврдуваат по претходно изработен урбанистички проект.

Урбанистичкиот проект содржи идејни проекти на објектите и инфраструктурата, изработени врз основа на програма на инвеститорот.

За изградба на објекти кои со употребата можат да ја загадуваат животната средина, условите за градба се утврдуваат по претходно изготвен елаборат за заштита на животната средина.

Член 33

Решението за услови за градба има важност две години, за објекти од јавен интерес, односно една година за други објекти, во кој рок инвеститорот е должен да обезбеди одобрение за градење.

Во случај кога е донесен нов урбанистички план, а инвеститорот не започнал со градба, решението за услови за градба, издадено врз основа на претходниот план, престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во став 1 на овој член.

Член 34

По исклучок за простори вон населено место за кои е донесен просторен план или во населено место за кое е донесен генерален урбанистички план, а не е донесен детален урбанистички план, услови за градба на објект од јавен интерес утврден со закон и за стопански објекти од значење за Републиката можат да се определат со акт на Владата на Република Македонија.

Член 35

Врз основа на условите за градба утврдени со урбанистичките планови, органот на управата надлежен за геодетските работи, изготвува записник со геодетски податоци за земјиштето што му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба и други податоци потребни за решавање на имотно-правните односи, доделување на земјиштето и утврдување на правото на градба, согласно со законот.

Член 36

Инвеститорот по добивање на решение за услови за градба плаќа надоместок наменет за финансирање на изработка на просторни и урбанистички планови, и тоа:

– 1% од просечна плата во стопанството во Републиката од претходната година, по $м^2$ предвидена нето корисна површина, што го плаќа инвеститорот за изградба на нов објект;

– 0,5% од просечна плата во стопанството во Републиката од претходната година, по $м^2$ предвидена нето корисна површина, што го плаќа инвеститорот за надградба и доградба на објект и

– 0,3% од просечна плата во стопанството во Републиката од претходната година, по $м^2$ предвидена нето корисна површина, што го плаќа инвеститорот за реконструкција на објект.

Средствата наменети за изработка на просторни и урбанистички планови, од став 1 на овој член, се приход на Буџетот на Републиката.

Член 37

Сопствениците на изградени објекти во општинските центри, Градот Скопје и другите урбанизирани подрачја предвидени за градба, плаќаат надоместок за користење на урбанизиран простор, и тоа 50% од утврдената даночна обврска по основа на данок на имот.

Утврдувањето и наплатата на надоместокот од став 1 на овој член, го врши органот за јавни приходи, со посебно решение, согласно со одредбите на Законот за даноците на имотот.

Средствата од став 1 на овој член се приход на Буџетот на Републиката, а се користат за изработка на просторни и урбанистички планови.

Член 38

По барање на странката, трошоците направени за работите кои не се врзани за издавање на управни акти, паѓаат на товар на барателот.

Министерот надлежен за работите на урбанизмот, ќе донесе правилник за висина на трошоците од став 1 на овој член.

V. НАДЗОР

Член 39

Надзор над спроведувањето на овој закон, како и на прописите донесени врз основа на него, врши Министерството надлежно за работите на урбанизмот.

Член 40

Работите од член 39 на овој закон, од областа на урбанизмот ги врши Републичкиот инспекторат за градежништво и урбанизам, како орган во состав на Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

Член 41

Работите на урбанистичка инспекција, ги вршат урбанистички инспектори.

За урбанистички инспектор може да се назначи лице со VII1 степен стручна подготовка, дипломиран инженер архитект, со најмалку две години работно искуство.

Член 42

Урбанистички инспектор, има легитимација, чиј образец и начин на издавање го пропишува министерот надлежен за работите на урбанизмот.

Член 43

При вршење на инспекциски надзор, урбанистичкиот инспектор проверува особено:

– дали изградбата на објектот на одредено подрачје се врши или е извршена во согласност со плановите од член 7 на овој закон;

– дали условите за градба се издадени согласно со плановите од член 7 и одредбите на овој закон и

– дали објектот се гради согласно со условите за градба.

Член 44

При вршење на инспекциски надзор, урбанистичкиот инспектор има право и должност да нареди:

– уривање на објектот или негов дел и доведување на просторот во првобитна состојба, во случај кога истиот се гради или е изграден спротивно на одредбите од член 43 алинеја 1 на овој закон и

– запирање на понатамошното градење на објектот, во случај кога истиот се гради спротивно на одредбите од член 43 алинеја 3 на овој закон.

Кога урбанистичкиот инспектор ќе донесе решение за уривање или запирање на натамошното градење на објектот, во смисла на став 1 алинеи 1 и 2 од овој член, должен е за тоа да ја извести службата надлежна за издавање на одобрение за градба.

Ако урбанистичкиот инспектор утврди дека објектот не се гради според плановите од член 7 на овој закон и според условите за градба, а надлежниот орган го поништил одобрението за градење, ќе донесе решение за уривање на објектот.

Кога градбата на објектот продолжува и по донесеното решение за запирање на понатамошното градење на објектот, согласно со став 1 алинеја 2 на овој член, урбанистичкиот инспектор ќе донесе решение за уривање на дополнително изградениот дел на објектот.

Член 45

Ако урбанистичкиот инспектор утврди дека условите за градба се издадени спротивно на плановите од член 7 на овој закон, ќе поднесе предлог до надлежниот орган за поништување на решението за определување на услови за градба (член 43 алинеја 2).

Член 46

Жалбата против решението од член 44 на овој закон, не го одлага извршувањето на решението.

При уривањето на започнат или изграден објект или на негов дел, кога истиот се гради или е изграден спротивно на одредбите од член 43 алинеи 1 и 3 на овој закон и во случај кога е донесено решение за уривање согласно со член 44 ставови 3 и 4 на овој закон, инвеститорот нема право на надоместок.

Трошоците за уривање на објектот или на негов дел и за отстранување на материјалот, во случај кога е донесено решение за уривање согласно со член 44 став 1 алинеја 1 и ставовите 3 и 4 на овој закон, паѓаат на товар на инвеститорот.

Член 47

По жалба против решението од член 31 на овој закон, во второстепена постапка решава надлежната комисија на Владата на Република Македонија.

По жалба против решението од член 44 на овој закон, во второстепена постапка, решава Комисијата на Владата на Република Македонија.

Член 48

Ако врз основа на наод на урбанистичкиот инспектор, се утврди дека на државното земјиште, по влегување на сила на овој закон, се гради објект без решение за услови на градба, изградениот објект станува сопственост на државата.

VI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 49

Со казна затвор од три до шест месеци или со парична казна ќе се казни за кривично дело одговорното лице на претпријатието и на друго правно лице, како и физичко лице, кое како инвеститор без прибавено решение за услови за градба, гради објект спротивно на просторниот и урбанистички план.

Член 50

Со парична казна од пет до дваесет плати, ќе се казни за прекршок претпријатие и друго правно лице, ако не го урне или не ја запре изградбата на објектот или изведувањето на други работи, по налог на урбанистичкиот инспектор (член 44).

Со парична казна од една до три плати, ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице на претпријатието и друго правно лице.

Со парична казна од една до три плати, ќе се казни за прекршок одговорното лице на органот, организацијата, претпријатието и друго правно лице, ако не достави податоци и друга документација, со која располага, заради изработка на просторни и урбанистички планови (член 21).

Со парична казна од една четвртина до една половина плата, ќе се казни за прекршок физичко лице, ако не го урне или не ја запре изградбата на објектот или изведувањето на други работи, по налог на урбанистичкиот инспектор (член 44).

Со парична казна во висина од трикратен износ од утврдениот надоместок за користење на урбанизиран простор, ќе се казни правно или физичко лице, кое не го платило надоместокот за претходната година (член 37).

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 51

Основните урбанистички планови донесени пред влегувањето во сила на овој закон, се применуваат како генерални урбанистички планови, до нивното усогласување со овој закон, но не подолго од две години, после кој рок ќе се смета дека плановите не се донесени.

Урбанистичките проекти донесени пред влегувањето во сила на овој закон, се применуваат како детални урбанистички планови, до нивно усогласување со овој закон, но не подолго од две години.

Деталните урбанистички планови донесени пред 31 декември 1991 година, доколку по истекот на две години од донесувањето на овој закон, не се усогласат, ќе се смета дека не се донесени.

До донесувањето на урбанистичка документација за населено место во општина, остануваат во сила урбанистичките планови за помали населени места.

Во случаите кога деталните урбанистички планови не се усогласени со одредбите на овој закон, генералните урбанистички планови донесени според одредбите на овој закон, ќе се применуваат како детални урбанистички планови.

Член 52

Јавното претпријатие од член 15 на овој закон се основа во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон.

До основањето на Јавното претпријатие од член 15 на овој закон, изработката на плановите од член 7 на овој закон, како и довршувањето на започнатите планови, ќе ги вршат претпријатијата регистрирани за изработка на просторни и урбанистички планови.

Прописот од член 15 став 4 на овој закон, ќе се донесе во рок од три месеци од влегувањето во сила на овој закон.

Член 53

Сите претпријатија и заводи, регистрирани за изработка на просторни и урбанистички планови се должни да му достават на Министерството надлежно за работите на урбанизмот и оригинална документација и подлоги на сите планови во рок од три месеци по влегувањето во сила на овој закон.

Член 54

Во случаите кога по донесување на просторен или урбанистички план објект изграден до влегување во сила на овој закон без решение за услови за градба се потврдува со донесениот план, постапка за издавање на решение за услови за градба се спроведува според одредбите на овој закон.

Доколку инвеститорот на објектот од став 1 на овој член, во рок од една година од донесување на планот со кој му се потврдува изградбата на објектот, не ја прекине постапката за издавање на решението за услови за градба, ќе се применат одредбите од член 48 на овој закон.

Член 55

Постапката за доделување на градежно земјиште, започната пред денот на влегување во сила на овој закон, ќе се доврши според одредбите на Законот за градежно земјиште и прописите донесени врз основа на него.

Член 56

Урбанистичките планови за кои постапката за нивното донесување е започната пред влегување во сила на овој закон, ќе се донесат според одредбите на Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 38/85, 18/89, 38/90, 62/93).

Член 57

Владата на Република Македонија ќе донесе пропис од член 30 на овој закон во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Министерот надлежен за работите на урбанизмот, ќе донесе поблизок пропис од членовите 16, 27, 38 и 42 на овој закон во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

До донесување на прописите од став 1 на овој член ќе се применуваат подзаконските прописи што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 58

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 38/85, 18/89, 38/90 и 62/93) и членовите 14, 36, 37 и 37-а од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 10/79, 18/89 и 21/91).

Член 59

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

43.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 17 јануари 1996 година.

Број 08-186/1
17 јануари 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с. р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с. р.

ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за данокот на промет на производи и услуги („Службен весник на Република Македонија“ број 34/92, 62/92, 63/92, 3/93, 4/93, 80/93 и 42/95), по член 6-а се додава нов член 6-б, кој гласи:

”Член 6-б

Производствено претпријатие, производствен дуќан и увозник можат, под условите од член 6 на овој закон, да продаваат материјал за репродукција, опрема и резервни делови за таа опрема, без пресметување и плаќање данок на трговско претпријатие, врз основа на доставена изјава за набавка на материјал за репродукција, опрема и резервни делови за таа опрема од страна на познат корисник – производствено претпријатие или производствен дуќан.

Производствено претпријатие, производствен дуќан и увозник можат на трговски претпријатија да продаваат производи од членот 14 став 1 точка 6 на овој закон без пресметување и плаќање на данокот на промет на производи, врз основа на доставена изјава од страна на Армијата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи, со исполнувањето на условите од член 6 на овој закон".

Член 2

Во членот 19 став 1 точка 13) на крајот од реченицата се брише зборот „и", а во точката 14) на крајот од реченицата точката се заменува со точка и запирка и се додава сврзникот „и", а по точката 14) се додава нова точка 15), која гласи:

„15) на услугите што се вршат на странски дипломатски и конзуларни претставништва, на странски дипломатски персонал и на конзуларни функционери врз основа на потврда од Министерството за финансии, а по претходно добиена согласност од Министерството за надворешни работи, под услов на реципроцитет".

Член 3

Членот 54-а се менува и гласи:

„За извршениот извоз на производи, даночниот обврзник има право на поврат на платениот данок при набавката на производите кои ги извезол.

Барањето за поврат на платениот данок од став 1 на овој член, со потребната документација за извршениот извоз (извозна царинска декларација, фактура за извршената набавка на производите и доказ за извршеното целосно плаќање по истата фактура), се поднесува до органот за јавни приходи во општината.

Доколку извозникот, извозната царинска декларација ја достави до продавачот на производите кои извозникот ги извезол, пред денот во кој на продавачот на производите му пристигнува обврската за плаќање на данокот на промет за истите производи, нема обврска да го плати данокот на промет на производите. Како доказ за ова му служи извозната царинска декларација доставена од извозникот на производите, а извозникот го одобрува за износот на данокот на промет со книжно известување.

Решение за остварување право на поврат на платениот данок на промет на производи, донесува органот за јавни приходи и тоа најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето. Доколку во тој рок не се донесе решение за поврат на платениот данок на промет, односно ослободување од данокот на промет за секој ден на доцнење натаму се плаќа камата на средствата кои треба да се повратат, односно ослободат во висина од 0,5% за секој ден доцнење".

Член 4

Членот 54-б се менува и гласи:

„За продадените производи за репродукција и опрема, на начин и под условите определени во член 6 на овој закон, даночниот обврзник има право наредната аконтација на данокот на промет на производи да ја намали за износот на пресметаниот и платениот данок при набавката доколку аконтациите ги плаќа според фактурирана реализација.

За продадените производи за репродукција и опрема, на начин и под условите определени во член 6 на овој закон, даночниот обврзник по тримесечната пресметка на данокот на промет има право на поврат на данокот на промет за износот на пресметаниот и платениот данок на промет при набавката на тие производи".

Член 5

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за данокот на промет на производи и услуги.

Член 6

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

44.

УКАЗ бр. 7
од 19.1.1996 година

Врз основа на член 15, став 1, точка 16 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/92).

СЕ УНАПРЕДУВА
ВО ЧИН ГЕНЕРАЛ-ПОЛКОВНИК

Генерал-потполковник Трајче Јован Крстевски, ЕМБГ: 0312938450066, сега: заменик началник на Генералштабот на АРМ.

Овој указ да се изврши веднаш.

Број 08-35
19 јануари 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

45.

УКАЗ бр. 8
од 19.1.1996 година

Врз основа на член 15, став 1, точка 16 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/92).

СЕ УНАПРЕДУВА
ВО ЧИН ГЕНЕРАЛ-ПОТПОЛКОВНИК

Генерал-мајор Јанакие Јован Манасиевски, ЕМБГ: 2701943450078, сега: помошник на НГШ за ОНР и б/г

Овој указ да се изврши веднаш.

Број 08-36
19 јануари 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

46.

УКАЗ бр. 9
од 22.1.1996 година

Врз основа на член 15, став 1, точка 16 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/92)

СЕ РАЗРЕШУВА

Генерал-полковник Драгољуб Панче Боцинов, ЕМБГ: 2710933450141 од должноста началник на Генералштабот на АРМ.
Разрешувањето од должноста да се изврши на 22.1.1996 година со што му престанува и службата во постојаниот состав на Армијата на Република Македонија поради навршени 40 години стаж на осигурување и стекнување со право за лична пензија.

Овој указ да се изврши веднаш.

Број 08-37
22 јануари 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с. р.

47.

УКАЗ бр. 10
од 22.1.1996 година

Врз основа на член 15, став 1, точка 16 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/92)

СЕ ПОСТАВУВА
ЗА НАЧАЛНИК НА ГЕНЕРАЛШТАБОТ НА АРМ

Генерал-полковник Трајче Јован Крстевски, ЕМБГ: 0312938450066 сега: заменик началник на Генералштабот на АРМ.

Овој указ да се изврши веднаш.

Број 08-38
22 јануари 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с. р.

48.

УКАЗ бр. 11
од 22.1.1996 година

Врз основа на член 15, став 1, точка 16 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/92)

СЕ ПОСТАВУВА
ЗА ЗАМЕНИК НАЧАЛНИК НА ГЕНЕРАЛШТАБОТ НА АРМ

Генерал-потполковник Јанакие Јован Манасиевски, ЕМБГ: 2701943450078, сега: помошник на НГШ за ОНР и б/г.

Овој указ да се изврши веднаш.

Број 08-39
22 јануари 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с. р.

49.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр, 40/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1995 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ЗДРАВСТВО

1. За советник на министерот за здравство, за нормативно – правни и управни работи во Републичкиот санитарен и здравствен инспекторат, се назначува Снежана Чичевалиева, досегашен советник за нормативно – правни и управни работи во Републичкиот санитарен и здравствен инспекторат.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2972/2
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

50.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1995 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ЗДРАВСТВО

1. За советник на министерот за здравство, за превентивна здравствена заштита, се назначува Донка Манева, доктор на медицина, досегашен советник за резерви на лекови во Министерството за здравство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2973/2
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

51.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1995 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ЗДРАВСТВО

1. За советник на министерот за здравство, за епидемиологија, се назначува Борка Кишманова, доктор на медицина, досегашен советник по епидемиологија во Министерството за здравство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2974/2
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

52.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1995 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ЗДРАВСТВО

1. За советник на министерот за здравство, за болничка здравствена заштита, се назначува Лилјана Стојановска, доктор на медицина, досегашен советник по социјална медицина во Министерството за здравство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2975/2
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

53.

Врз основа на член 26 од Законот за музејската дејност („Службен весник на СРМ" бр. 25/79; 51/88 и „Службен весник на РМ" бр. 12/93) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1995 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА „СКОПЈЕ" – СКОПЈЕ

